**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**

Број. 09-516/3
01.07.2024 година
Скопје

| **СУГС„Орце Николов“ – Скопје** | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 17,18 и 19.04.2024 година |
| **Број на извештај:** | 11/скопски/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Соња Миладинова |
| **Вид на училиштето:** | Средно училиште |
| **Подрачни/ дисперзирани паралелки** | / |
| **Основач на училиштето:** | Град Скопје |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 1082 |
| **Полова структура на ученици:** | 437 машки и 645 женски |
| **Број на наставници:** | 63 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Улијана Јолевска |
| **Директор на училиштето:** | Митко Димовски |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 29 – 31 октомври 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Илинденска“, бр101, Скопје |
| **Телефон:** | 02 3065 555 |
| **Факс:** | 02 3065 555 |
| **e-mail:** | gimnazija_orce@yahoo.com |
| **Оценка од ИЕ** | Добар (3,16) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13 , 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

## Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција од 17 до 19 април 2024 година, тим од државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во СУГС„Орце Николов“– Скопје.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работењето во СУГС„Орце Николов“ – Скопје е Добро (3,16).

Наставниот процес во СУГС Гимназија ,,Орце Николов“ - Скопје, се реализира согласно донесените наставните планови и програми за средно гимназиско образование и истите се во согласност со програмските документи по предлог на Бирото за развој на образованието, донесени од Министерството за образование и наука. Во училиштето нема ученик со посебни образовни потреби од аспект на ментална попреченост со наод и мислење од соодветна институција и нема ученици за кои се изработува индивидуален образовен план со диференцирани цели и активности.

Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Од 07.02.2019 година потпишан е Меморандум за соработка со СЕПУГС „Арсени Јовков“ - Скопје, изготвен е и акциски план за реализација на МИО активности за 2023/2024 година, но реализирани се мал број активности.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето има примери за организирани заеднички воннаставни активности со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. Училиштето ги поттикнува учениците на младинско учество. Во таа насока се реализирани активности за поттикнување демократска клима. Во училиштето застапени се секции кои се организирани преку 14 ученички клубови за кои има одговорен наставник (поетски, спортски, новинарски, филмски клуб, дебатен клуб ,,Став без страв“, драмски клуб и други).

Училиштето има регистриран училишен спортски клуб СУГС Орце Николов - Скопје со тековна состојба од Централен Регистар на РСМ со број 4080012533177 од 11.12.2023 година. Спортскиот клуб моментално е активен во спортовите скијање, кошарка, футсал, стрелаштво.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година е 4,67, во учебната 2021/2022 година е 4,44 и во учебната 2022/2023 година е 4,47. Во последните 3 учебни години нема ученици кои ја повторувале годината. Училиштето дава можност за преминување од едно во друго подрачје доколку има законска можност во однос на бројот на ученици во паралелката. Најголем дел од завршените ученици го продолжуваат своето образование на повисоко ниво.

Наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со наставните планови и програми изготвени од Биро за развој на образованието утврдени од Министерот за образование и наука. Во согласност со тематските планирања, наставниците изработуваат планирања за наставен час. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а ретко во парови или во групи.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Интеракција наставник – ученик е обезбедена кај најголем број наставни часови, а интеракција ученик - ученик повеќе е застапена при заедничко изготвување на истражувачки проекти на учениците.

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училишен простор е естетски уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците со едукативна еко содржина, но помал е бројот на содржини преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците.

Училиштето води политика за забрана на пушење, употреба на алкохол и дистрибуција и користење на наркотични средства, односно во училиштето не се пуши и не се регистрирани појави на користење на алкохол и други наркотични средства. Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра.

Хигиената како битен услов за зачувувањето на здравјето на учениците, редовно се одржува во севкупниот училишен простор. Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците, а исто така се вршат санитарни и систематски прегледи на вработените.

Училиштето е препознатливо според квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Вработените уживаат респект кај родителите. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето е препознатливо по постигањата на учениците и по освоени голем број на награди, вкупно 84 во областа на спортот, математика, физика, хемија,литературни конкурси,биологија, француски јазик,германски јазик, англиски јазик, географија, информатика преку кои го промовираат училиштето.

СУГС „Орце Николов“ – Скопје, зафаќа вкупна површина од 7 923 м2. Воспитно – образовниот процес се изведува во објект од тврда градба, на три нивоа, изграден во 1970 година, со вкупна површина 3 895 м2 (2 983 м2 е училишна зграда и 912 м2 е спортска сала). Училиштето располага со дворна површина од 4 028 м2, од кои 2 360 м2 се спортски терени. Дел од училишниот двор е уреден со зеленило, а дел се површини поплочени со бекатонски плочи.

Училиштето располага со 24 училници, 6 кабинети, 1 лабораторија, 1 библиотека со читална, 6 административни простории, 1 просторија за архива, 1 просторија за технички персонал, 1 просторија за хаусмајстор, 3 помошни простории - остави, 1 фискултурна сала во која има 1 фитнес сала, 1 помошна просторија и 2 санитарни јазли во склоп на салата. Во училиштето има вкупно 8 санитарни јазли, од кои 7 се за ученици и 1 за вработените во училиштето.

Кровот на училиштето при врнежливо време протекува. Училиштето во 2021 година пополнило апликација за финансирање на проекти за реконструкција на училишен објект испратен до основачот, Град Скопје во кој стои дека СУГС Орце Николов-Скопје има прибавено основен архитектонски проект од ИНТ Глобал Инжинеринг ДООЕЛ Битола. Во 2023 година училиштето има неколку иницијативи со претставници од Град Скопје и Светска Банка за решавање на проблемот со кровната површина, но неговата санација се уште е во тек.

Воспитно - образовната работа ја реализираат вкупно 63 наставници, од кои 12 се мажи и 51 се жени. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со Нормативите за наставен кадар. Во училиштето има 2 наставници – приправници со определени ментори. Од наставниот кадар, 55 наставници се на неопределено време, а 8 наставници се на определено време. Во училиштето,6 наставници надополнуваат

часови и се од други училишта. Училиштето има стручна служба составена од педагог, психолог. Тие редовно им помагаат на наставниците во организација на наставата и го следат напредокот на учениците. Стручната служба врши советодавна работа со учениците и родителите и е подготвена и отворена за соработка. Во училиштето нема вработен библиотекар. Раководителите на смена ја раководат библиотеката и билиотечниот фонд. Библиотеката ги задоволува потребите на учениците за лектирни изданија.

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. Финансиското работење на училиштето, се контролира преку Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Со училиштето управува Училишнен одбор (УО) конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата структура. Сите членови се со важечки мандат. Работата на УО е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива. Раководен орган на училиштето е Директор во втор мандат, именуван со Решение Бр.08-11744/1 од 12.10.2022 година од Градоначалникот на Град Скопје, кој ги исполнува исполнува условите за директор согласно со закон. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки.

Мисијата и визијата на училиштето се добро утврдени во програмските документи на училиштето. Тие се јасни и добро поставени во согласност со државната и локалната образовна политика. Во креирањето на мисијата и визијата во најголема мера учествуват вработените, свои предлози повремено даваат и родителите и учениците. Истите континуирано се запознаваат со нивното остварување и подобрување. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

За планирање и реализирање на воспитно-образовната работа во учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа заведена со дел.бр. 02-316 од 24.08.2023 година, усвоена од Училишниот одбор со Одлука бр.02-315/4 од 25.08.2023 година, донесена од Советот на Град Скопје со бр.27-9915/12 од 28.09.2023 година

Училиштето има изготвено Програма за развој за периодот од 2023 до 2027 година заведена под дел.бр.02-319/1 од 25.08.2023 година, донесена со Одлука бр.02-315/5 од 25.08.2023 година на Училишниот одбор. Развојниот план содржи временска рамка и акционен план за реализација на планираните активности.

Училиштето има спроведено самоевалуација за периодот 2021-2023 година, во која се опфатени учебните 2021/22 и 2022/23 година, заведена под дел.бр.02-239/2 од 27.06.2023 година. Извештајот од Самоевалуацијата е разгледуван и усвоен со Одлука Бр.02-230/3 од 27.06.2023 година од Училишниот одбор. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата електронски е доставен до Државниот испитен центар. Извештајот од самоевалуацијата е објавен на веб страната на училиштето orcenikolov.edu.mk

Воспитно – образовната работа на СУГС „Орце Николов“ – Скопје е уредена со Статут (пречистен текст) заведен под дел.бр.02-326/2 од 13.03.2019 година во кој се содржани Статутот заведен со дел.бр.02-493/1 од 23.04.2018 година донесен со Одлука бр.02-493/2 од 25.04.2018 година од Училишен одбор и со добиена согласност од Министерство за образование и наука, Решение УП1 20-1200 од 12.06.2018 година и Статутарната одлука за измена и дополнување заведена со бр.02-326/1 од 13.03.2019 година донесена од Училишнио одбор, со добиена согласност од Министерството за образование и наука со Решение УП1 13-583 од 19.04.2019 година.

## Карактеристики на училиштето

Средното училиште на Град Скопје „Орце Николов“, се наоѓа на ул.„Илинденска“ бр.101 - Скопје.

Училиштето е основано во 1955 година со Решение на Народниот одбор на Град Скопје на одделни седници на Градскиот собор и Соборот на производителите со дел.бр.7887 од 25.07.1955 година, а во согласност со Советот за просвета на Народна Република Македонија. Училиштето е верифицирано со Решение бр.11-4377/3 од 19.12.2001 година, за верификација на гимназиското образование, согласно наставниот план и програми од подрачјето на општествени науки и од подрачјето на природни науки и математика, а од 2004 година, училиштето поседува и Решение бр. 03-2440/1 од 15.05.2004 година, за верификација на гимназиското образование во согласност со наставниот план и програми за општествено – хуманистичко подрачје, природно – математичко подрачје и јазично – уметничко подрачје. Со Решение бр.19-351/5 од 28.04.1997 година донесено од Министерот за образование и физичка култура е одобрена експериментална програма за изведување на наставата по француски јазик по дел од предметите во една паралека кој е отпочнат со реализација од учебната 1997/1998 година. Со Решение Бр.11-3682/2 од 26.06.2006 година донесено од Министерот за образование и наука на СУГС„Орце Николов“ се одобрува реализација на експериментална настава по Проектот за формирање на специјална билингвална паралелка на македонски и англиски јазик почнувајќи од 01.09.2006 година. Врз основ на добиено одобрение од МОН заведено со бр.11-2148/2 од 16.07.2012 година во СУГС„Орце Николов“ почнувајќи од учебната 2012/2013 година се одобрени три билингвални паралелки со настава на македонски и англиски јазик.

Во СУГС „Орце Николов“ – Скопје, во учебната 2023/2024 година, запишани се вкупно 1 096 ученици, распоредени во 36 паралелки. Воспитно – образовниот процес во училиштето се реализира на македонски наставен јазик, во две смени. Дејноста на училиштето е со шифра 85.31 односно гимназиско образование. Воспитно-образовната работа се остварува според наставниот план и порграми за гимназиско образовение за подрачјата јазично – уметничко подрачје коминација на А и Б изборни предмети, општествено – хуманистичко подрачје комбинација на А и Б изборни предмети, природно – математичко подрачје комбинација на А и Б изборни предмети

# 1. Наставни планови и програми

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес во СУГС Гимназија ,,Орце Николов" - Скопје, се реализира согласно донесените наставните планови и програми за средно гимназиско образование и истите се во согласност со програмските документи по предлог на Бирото за развој на образованието, донесени од Министерството за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за средно гимназиско образование. Содржините во помал број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието.

Наставните планови се конципирани од четири дела и тоа: задолжителни предмети, задолжителни изборни предмети, изборни предмети и изборни проектни активности. Во СУГС Гимназија „Орце Николов"-Скопје, воспитно образовната дејност се реализира и во четири билингвални паралелки од кои три паралелки англиски наставен јазик и во една паралелка на француски наставен јазик, од прва до четрвта година.

Наставата во училиштето се изведува во две смени.

Училиштето ги информира родителите, учениците и училишните тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето. Информирањето го спроведува на состаноци со родителите, преку изготвување на Брошура на училиштето, преку веб страната на Биро за развој на образование, како и преку сопствената училишна веб страна.

Во училиштето нема ученик со посебни образовни потреби од аспект на ментална попреченост со наод и мислење од соодветна институција и нема ученици за кои се изработува индивидуален образовен план со диференцирани цели и активности.

Во училиштето има формиран Инклузивен тим, составен од шест члена, но во моментот нема конкретни активности.

Училиштето има воспоставено процедура за избор на изборни наставни предмети. Изборната настава и проектната активност е застапена согласно наставниот план и програма. Изборот на задолжителни изборни предмети и изборот на изборни предмети за учениците од втора, трета и четврта година е од листата на изборни предмети. Изборот на задолжителна и изборна проектна активност се врши согласно наставниот план и упатството за проектна активност. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Изборот се врши со спроведување на анкети со кои се запознаени и родителите.

Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на слободните воннаставни активности. Активностите се прецизирани, планирани и се организираат тековно и со термин надвор од редовниот распоред, односно со взаемен договор помеѓу наставниците и учениците.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните планови и програми за средно гимназиско образование, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Од 07.02.2019 година потпишан е Меморандум за соработка со СЕПУГС „Арсени Јовков" - Скопје, изготвен е и акциски план за реализација на МИО активности за 2023/2024 година, но биле реализирани мал број активности. Според приложените извештаи во изминатите три учебни години реализирани се МИО активности-работилници со СУГС ,,Зеф Љуш Марку"-Скопје .

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, како и активности за граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од Град Скопје,

хуманитарни акции, спортски и други натпревари, организирани посети на знаменитости и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот се применува. Училиштето има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели и поголем дел од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност, но до релевантните институции нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето има примери за организирани заеднички воннаставни активности со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор. Сите учениците се вклучени барем во една воннаставна активност според нивните индивидуални способности, интереси и предиспозиции со изјаснување на учениците. При планирањето на содржините и активностите наставниците ги вклучуваат и почитуваат и предлог содржините на учениците во воннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози. Училиштето ги поттикнува учениците на младинско учество. Во таа насока се реализирани активности за поттикнување демократска клима. Во училиштето застапени се секции кои се организирани преку 14 ученички клубови за кои има одговорен наставник (поетски, спортски, новинарски, филмски клуб, дебатен клуб ,,Став без страв“, драмски клуб и други).

Учениците со поддршка од наставниците, учествуваат на различни манифестации, конкурси и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години, учениците имаат освоено голем број награди (прво, второ и трето место), и тоа: 6 награди на меѓународни натпревари, 108 награди на државни натпревари, 179 награди на регионално и 88 на градско/општинско ниво. Наградите се во областа на природни науки, странски јазици, спорт и други.

Учениците и наставниците работат на проекти од различна природа: Во текот на интегралната евалуација активна е реализација на пет Еразмус проекти и во рамки на Еразмус програмата, училишниот психолог има добиено интернационална награда за иновативна едукативна практика. Во училиштето е реализирааат и проекти иницирани од Град Скопје: „Безбеден град“ за зголемување на безбедноста на учениците; Проект „Го учам јазикот на другиот“; Проект „Меѓународен ден на девојките во ИКТ наставата“; Проект за медиумска писменост; учество на проектот „Средноленд“; Проект „Сила, а не насилство“; трибина во град Скопје на тема „Младите и менталното здравје“; Проект „Поттикнување општествена одговорност кај младите преку волонтерски активности“ и други проекти.

Училиштето организира и друг тип проекти во соработка со универзитети од државата и странство: соработка со ФЕИТ (ФабЛаб - курсеви за слободен софтвер, слободно знаење и слободно создавање, за машинско учење и наука за податоци за средни училишта); Работилница „Млади инженери во акција" во рамките на Конференцијата СКЕЕОР во соработка со ФЕИТ; соработка и активности со Американскиот факултет за Биотехнологија; учество во Едукативната програма на Филозофскиот филмски фестивал; учество во Проект за Европска унија во соработка со Францускиот институт и Естима; учество на Саем на студии во Франција и други.

Училиштето организира и соработки со средни училишта од европските земји и регионот: Средби на европски гимназии; соработка со училишта од Германија, Франција, Словенија, Србија, Босна и Херцеговина, Литванија, Турција и други.

Во соработка со невладиниот сектор се релизираат неколку проектни активности на теми Кибер-насилство и Кибер-безбедност (Млади правници, Институт за човекови права).

Постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, а добиваат поддршка од наставниците при нивната реализација: Проект UPSHIFT награда/грант за иновативно решение на тема “ВОЗДУХ”; пилотирање на Формула 1 методологија во соработка со ФЕИТ; ОРЦЕ Talks ученичка иницијатива која организира настани од интерес за учениците која постои седум години; НајГласни – прва награда 2022 и финале 2024 - најдобра ученичка заедница на државно ниво; бројни хуманитарни акции и други.

Училиштето за афирмирање на вонпаставните активности соодветно ги користи различни медиуми (веб страна на училиштето, веб страна на ученичката заедница, социјални мрежи, електронско списание, поетски читања, драмски претстави, Отворен ден на училиштето и сл.). Има примери за активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето, но преку застапеност на часовите по секој предмет и со СУГС Зеф Љуш Марку, а мал број со партнер училиштето СЕПУГС ,,Арсени Јовков“-Скопје.

Училиштето со приложена тековна состојба од Централен Регистар на РСМ со број 4080012533177 од 11.12.2023 година, има регистриран училишен спортски клуб СУГС Орце Николов - Скопје. Спортскиот клуб моментално е активен во спортот скијање, кошарка, футсал, стрелаштво.

# 2. Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година е 4,67, во учебната 2021/2022 година е 4,44 и во учебната 2022/2023 година е 4,47. Нема значајно отстапување во однос на средниот успех за последните три учебни години и истиот 4,53 (одличен).

Училиштето се истакнува и по високите постигања на учениците на државната матура.

Училиштето промовира уверување да ги задржи високите постигања на учениците.

Училиштето има систем за детектирање на надарени ученици, како и поддршка на ученици кај кои е видливо намалување на успехот. Тие редовно добиваат советодавна поддршка од стручната служба која континуирано го следи нивниот напредок.

Учениците кои го намалуваат успехот и надарените ученици имаат поддршка од поголемиот број наставници. За нив согласно потребите се организира дополнителна и додатна настава. Се води евиденција за реализација на дополнителна и додатна настава.

Училиштето им дава можност да преминат од едно во друго подрачје доколку има законска можност во однос на бројот на ученици во паралелката. Најголем дел од завршените ученици го продолжуваат своето образование на повисоко ниво.

### 2.2 Задржување/осипување на ученици

Училиштето врши упис на ученици согласно објавениот Конкурс за запишување на учениците во јавните средни училишта. За учениците кои конкурираат во билингвалните паралеки во случај кога бројот на пријавените кандидати го надминува бројот определен со конкурсот, училиштето организира интерен квалификациски тест за проверка на знаењата по соодветниот наставен предмет. Најголем дел од завршените ученици го продолжуваат своето образование на повисоко ниво. Училиштето системски ја следи редовноста на учениците ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Неоправданото отсуство е помало од три неоправдани по ученик.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои се води уредна евиденција. Советувањата ги реализира училишниот психолог. Најголем број советувања се во однос на нередовност на учениците и намален успех. Во учебната 2022/2023 година реализирани се вкупно 13 за намален успех во учењето и 10 советувања за нередовно посетување настава, а за учебната 2023/2024 година (полугодие) реализирани се вкупно 6 за намален успех во учењето и 4 советувања за нередовно посетување настава. Психологот ги следи резултатите од советувањето и смета дека има подобрувања. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3 Повторување на ученици

Во последните 3 учебни години нема ученици кои повторувале.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

## 3. Учење и настава

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањата на наставниците. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови за наставен час се следат при посетите на часови од страна на директорот и стручната служба. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Во една учебна година, најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници.

Наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематски планирања во согласност со наставните планови и програми изготвени од Биро за развој на образованието утврдени од Министерот за образование и наука. Во согласност со тематските планирања, наставниците изработуваат планирања за наставен час. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањата. Наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги детектира потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Освен редовната настава, наставниците ја планираат и додатна и дополнителната настава.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, во соработка со наставници од други училишта, со поддршка од стручните соработници.

Распоредот на часови се изготвува од страна на наставник во училиштето. Изработен е согласно со наставниот план, земајќи го во предвид усогласувањето на реализацијата на изборните предмети во паралелките, во кои има ученици од повеќе подрачја. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места.

## 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралнaта еваулација извршена е посета на наставен час на поголем дел од наставниците.

Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека поголем дел од наставниците применуваат наставни техники со кои се зголемува интеракцијата на наставните часови.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Училиштето располага со доволен број на ресурси за непречено одвивање и реализација на часовите со ИКТ. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани поголем број на часови со примена на ИКТ.

Училиштето располага и со асисистивна тастатура.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности, е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, прирачен материјал и дополнителна литература.

Наставниците често ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се почитува. Интеракција наставник – ученик е обезбедена кај најголем број наставни часови, а интеракција ученик - ученик повеќе е застапена при заедничко изготвување на истражувачки проекти на учениците.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без при тоа да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност или физичка попреченост. Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на полови, етнички, религиски и други стереотипи и предрасуди, а во однос на културните разлики, способностите, интелектуалната попреченост и друго.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот или од стручните соработници со соодветен инструмент за следење на наставата. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.

## 3.3 Искуствата на учениците од учењето

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците со едукативна еко содржина, но помал е бројот на содржини преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија.

Учениците сметаат дека по повеќето предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се поврзани со секојдневието, се применливи и корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. На одржаниот состанок со претставниците на ученичката заедница во однос на учењето, учениците истакнаа дека добиваат големи теоретски знаења, но им недостасуваат практични вежби за стекнување на применливи знаења.

За време на часот, најголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Учениците сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Голем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Голем број од наставниците, во процесот на поучување користат различни приоди со цел да ги мотивираат учениците да научат најмногу што можат.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Критериумите на оценување на постигањата на учениците се според стандардите за оценување со кои учениците се запознаени по повеќето наставни предмети.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое е јавно и транспарентно. Соопштување на добиената оценка е навремено и на учениците им се дава можност за поправање на оценката. Се оценуваат различни активности, писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и друго.

Најголем број наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и им даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава. Голем број наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа. Наставниците ги користат информациите од оценувањето за да го евалуираат и да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдено систем на активности за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се организираат родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. На видно место во училиштето е истакнат распоред со приемно време за секој наставник и на веб страната на училиштето. Училиштето организира и отворен ден на кој се присутни сите наставници.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка кое се врши електронски преку апликацијата на е-дневникот.

# 4. Поддршка на учениците

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат, учениците се запознаени за нивното присуство и во континуитет, од страна на наставниците се информираат за можните опасности. При несреќни случаи во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците и училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има План и проценка за заштита и спасување, направен врз основа на Правилникот за заштита и спасување од елементарни непогоди. Во последните три години, во училиштето, извршени се две симулациски вежби. Училиштето располага со ПТТ врска, интернет мрежа, громобранска инсталација, 3 хидранти и 13 ПП- апарати и истите се сервисирани и атестирани од овластена фирма Пастор дооел со издаден Стручен наод 354/23 од 13.09.2023.

Училишниот објект е осигуран со добиени финансиски средства од страна на основачот Град Скопје од Осигурителна компанија Друштво за осигурување ВИНЕР – ВИЕНА ИНШУРЕНС СКОПЈЕ, со Полиса бр.3290300003257 и истата важи до 29.08.2024 година.

Училиштето има пишани документи ( Куќен ред и Кодекс на однесување), со кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите и со истите се запознаени учениците, наставниците и родителите. Со овие документи се дефинирани сите облици на однесување на учениците и вработените и во нив се забранува секаков вид психичко и физичко малтретирање.

Во училиштето се применуваат механизми за постапување и справување со појавите на насилство. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки. Во последните три учебни години, во училиштето е регистриран еден случај на психичко малтретирање , врсничко насилство, преземени се соодветни мерки според правилникот за справување со физичко и психичко насилство.

Превенцијата од насилство во училиштето е добра. Во училиштето има видео надзор 15 камери и организирано физичко обезбедување кое е финансирано од основачот, Град Скопје со назив Секјурити груп сервисис дооел Скопје. Во училиштето нема евидентирано физичко насилство, предизвикано од ученици, вработени или лица од надвор.

Училиштето нема организирана исхрана за учениците, односно учениците со храна се снабдуваат од продавниците кои се наоѓаат околу училиштето. Училиштето нема увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците од продавниците кои се надвор од училишниот објект.

Во училиштето има еден ученик со физичка попреченост. Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на ученици со физичка попреченост.

Класните раководители заедно со стручните активи, имаат изготвени планови за работа за учебната година со содржини за заемно почитување и рамноправност на половите, и предавања за штетното влијание на пороците на зависноста.

Училиштето води политика на забрана на пушење, употреба на алкохол и дистрибуција и користење на наркотични средства, односно во училиштето не се пуши и не се регистрирани појави на користење на алкохол и други наркотични средства. Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра.

Училиштето им помага на на учениците кои имаат потешкотии од социјална природа. Во училиштето нема ученици кои се од семејство чии родители се приматели на социјална помош, односно од социјално загрозени семејства. За помош и поддршка на ваквите ученици, за учество во воннаставните активности, училиштето соработува со Центарот за социјална работа, со хуманитарните организации, со Црвен крст и други.

### 4.2 Здравје

Хигиената како битен услов за зачувувањето на здравјето на учениците, редовно се одржува во севкупниот училишен простор. Надлежните инспекциски органи редовно вршат контроли за одржувањето на хигиената, за што училиштето поседува записници од извршените контроли.

Тоалетите, училниците, ходниците и скалите се чистат секојдневно а училишниот инвентар се чисти по потреба. Во училишните протории и дворот има корпи за отпадоци.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција, во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Училштето во Годишната програма за работа има Програма за превенција од заразни болести.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

Во училиштето се вршат редовни систематски и санитарни прегледи и вакцинации на учениците, а исто така се вршат санитарни и систематски прегледи на вработените. Последниот систематски преглед на вработените е извршен во ПЗУ Поликлиника Медика – Скопје, во месец август месец 2022 година. Во училиштето е извршен санитарен преглед во месец мај 2023 година од ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје. Во училиштето е извршена дератизација од страна на Токси-вет дооел Скопје, на ден 27.02.2024. Во училиштето има сертифициран тим за давање прва помош на работно место составен од пет преметни наставници и еден од техничка служба. Училиштето има санадче за пружање на прва помош во наставничка канцаларија.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручната служба и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот на институцијата за понатамошно образование и доусовршување. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование. Стручната

служба води разговор, спроведува тестирање и врз основа на добиените резултати им дава конкретни совети, но помошта за професионална ориентација не опфаќа самооценување на вештините и интересите на учениците и помош во изработката на кратка биографија. Општи информации за понатамошно образование учениците добиваат на класните часови, на организираните презентации од страна на Високообразовните институции кои им нудат промотивен материјал и информации за уписите во нив. Во училиштето, изминатата учебна година, извршени се 35 предавања и презентации од високо - образовни институции, со цел за продолжување на образованието на учениците.

Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот. Во училиштето има 7 ученици кои се со емоционални потешкотии. Стручната служба е обучена да им помогне на родителите и учениците во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјална работа, полиција).

## 4.4 Следење на напредокот

Голем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и за неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој. Наставниците подготвуваат редовно извештаи и анализи, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба (психологот и педагогот), раководниот кадар и другите наставници за да може заеднички да се дефинираат активностите за подобрување на воспитно - образовниот процес, користејќи ги притоа укажувањата, сугестиите и предлозите од родителите, учениците, членовите на училишниот одбор, Советот на родители. Во училиштето постојат процедури за обработка на податоци и изготвени документи од споредбени анализи. Резултатите од следењето се анализират од сите органи во училиштето и основачот, а и истите се вградени во Годишниот извештај кој го разгледува основачот.

Училиштето изготвува споредбени полугодишни и годишни анализи за успехот, изостаноците и поведението на учениците, а преку тоа врши следење на напредокот на учениците.

# 5. Училишна клима и односи во училиштето

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо според квалитетот на работата и постигањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето, се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Вработените уживаат респект кај родителите.

Училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување во кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во нивната изработка учествувале претставници од сите структури, а нивното усвојување е низ демократска процедура. Училиштето има пишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексите и таквите процедури ги спроведува во практика.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно - образовниот процес.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите етнички заедници што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Училиштето соодветно го применува Правилникот за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина, упатена кон припадниците на различните етнички заедници.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето особено внимание посветува на промовирање на личните постигањата на учениците, преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник и други

јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта .

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Постигањата на учениците се вршат преку разни форми, а се промовираат индивидуални и групни постигања на учениците. Училиштето избира ученик на генерација со јасно утврдени критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето.

Училиштето развива политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех. Училиштето е препознатливо по постигањата на учениците и по освоени голем број на награди, вкупно 84 во областа на спортот, математика, физика, хемија,литературни конкурси,биологија, француски јазик,германски јазик, англиски јазик, географија, информатика преку кои го промовираат училиштето.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето, се запознати со правата на децата.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници.

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Има обучени наставници кои учествувале во проектот Меѓуетничка интеграција во образованието. Заради негување на мултикултурализмот училиштето планира активности, но истите делумно се реализираат во наставните и воннаставните активности.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето презема активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Од разговори водени во училиштето, со наставници, родители, членовите на Училишниот одбор и другите структури, се добива впечаток дека вклученоста на родителите во животот на училиштето е добра. Родителите се чувствуваат прифатени од вработените во училиштето.

Советот на родители, како една од формите на соработка помеѓу училиштето и родителите има Програма за работа. Училиштето дава иницијатива за организирање на едукативни состаноци или работилници со родители, за нивно поуспешно вклопување во животот на училиштето и решавање на одредени конфликти. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето и активно се вклучени во работа на училиштето.

Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Соработката со деловната заедница, како стопански организации, фабрики е добра. Училиштето остварува соработка со Францускиот културен центар и Амбасадата на Република Франција, со Министерство за животна средина, со со Пакомак, со Музеј на холокаустот,Природно научен музеј, Музеј на македонската борба,Драмски театар, МНТ, Институт Крсте Петков Мисирков, КИ и други.

# 6. Ресурси

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

СУГС „Орце Николов" – Скопје, зафаќа вкупна површина од 7 923 м2. Воспитно – образовниот процес се изведува во објект од тврда градба, на три нивоа, изграден во 1970 година, со вкупна површина 3 895 м2 (2 983 м2 е училишна зграда и 912 м2 е спортска сала). Училиштето располага со дворна површина од 4 028 м2, од кои 2 360 м2 се спортски терени. Дел од училишниот двор е уреден со зеленило, а дел се површини поплочени со бекатонски плочи.

Училиштето располага со 24 училници, 6 кабинети, 1 лабораторија, 1 библиотека со читална, 6 административни простории, 1 просторија за архива, 1 просторија за технички персонал, 1 просторија за хаусмајстор, 3 помошни простории - остави, 1 фискултурна сала во која има 1 фитнес сала, 1 помошна просторија и 2 санитарни јазли во склоп на салата. Во училиштето има вкупно 8 санитарни јазли, од кои 7 се за ученици и 1 за вработените во училиштето.

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

Просторниот капацитет овозможува реализација на точките на акција, опфатени со Еко- проектот. Активностите во поглед на воспоставените еко - стандарди, се спроведуваат согласно планираната динамика за реализација на ЕЗО(Еколошка заедница Орце).

Училниците и кабинетите се опремени со доволен број на клупи и столчиња, според бројот на учениците во паралелките. Училниците се климатизирани со клима уреди.

Училишните простории се користат според претходно изработен план за работа кој овозможува реализација на Годишната програма. Училиштето работи во две смени. Работното време за наставата од прва смена, започнува во 7.30 часот, а за наставата

од втора смена започнува во 13:00 часот. Училиштето има распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Кровот на училиштето и спортската сала при врнежливо време протекуваат. Училиштето во 2021 година пополнило апликација за финансирање на проекти за реконструкција на училишен објект испратен до основачот, Град Скопје во кој стои дека СУГС Орце Николов-Скопје има прибавено основен архитектонски проект од ИНТ Глобал Инжинеринг ДООЕЛ Битола. Во 2023 година училиштето има неколку иницијативи со претставници од Град Скопје и Светска Банка за решавање на проблемот со кровот, но неговата санација се уште е во тек.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Снабденоста на училиштето со наставни средства и помагала е добра.

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по сите наставни предмети. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Училиштето делумно располага со нагледни средства и материјали за ученици со посебни образовни потреби. Од наставни помагала училиштето располага со 42 клими, 26 смарт телевизори, 12 смарт табли, 8 принтери, 5 принтери со скенер, 36 прочистувачи за воздух, 2 фотокопир со скенер, 46 десктоп компјутери, 84 лаптоп компјутери, 10 статични проектори, 1 мобилен проектор, 1 платно со сталак за проектор, 8 звучници за компјутер, 10 микроскопи, 10 сараунд звучници, 3 радио портбакл, 2Д и 3Д принтери. Од музичка опрема училиштето располага со 2 миксети, 1 појачало, 4 звучници, 2 микрофони, 2 електрични гитари, 1 електрично пиано, 1 сет електрични тапани, 1 синтисајзер, 1 пиано, 1 појачало за гитара. Од спортска опрема училиштето располага со лежечка клупа, фитнес справи, коси клупи, трака за трчање, точаци, палки за пинг понг, шипки за бенч, маси за пинг понг, топки, душеци, рипстоли, кош и голови.

Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства. Истиот ги изразува потребите, утврдени од страна на стручните активи и во текот на годината, според финансиските можности и приоритети се обновуваат и дополнуваат.

Училишната библиотека располага со вкупно 16 592 примероци книги. Од вкупениот број на книги, 2644 наслови се лектирни изданија, 10 675 примероци се белетристика и 1 854 примероци се стручна литература, 1419 се литература на странски јазик. Библиотеката со читалната, сместена е во посебна просторија која зафаќа околу 192 м2, а се користи и за други вонннаставни активности. Работно време на библиотека е од 08:00 до 15:00 часот. Во училиштето нема вработен библиотекар.Раководителите на смена ја раководат библиотеката и билиотечниот фонд. Библиотеката ги задоволува потребите на учениците за лектирни изданија. Библиотечната евиденција се води во инвентарна книга, но не се води електронска евиденција.

Училиштето  планира и обезбедува потрошен материјал, потребен за реализација на наставните и вонннаставните активности, во рамки на финансиските можности. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши тековно, според потребите , согласно планот на училиштето .

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници, за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот кадар не е обучен за работа со деца со посебни образовни потреби.

Во училиштето, вработени се вкупно 85 лица. Воспитно - образовната работа ја реализираат вкупно 63 наставници, од кои 12 се мажи и 51 се жени. Стручната

подготовка на наставниот кадар е во согласност со Нормативите за наставен кадар. Во училиштето има 2 наставници – приправници со определени ментори. Од наставниот кадар, 55 наставници се на неопределено време, а 8 наставници се на определено време. Во училиштето, 6 наставници надополнуваат часови и се од други училишта. Според видот на образование, 1 наставници се со завршени докторски студии, 9 наставници се со завршени магистерски студии и 53 наставници се со високо образование. По етничка припадност 59 од наставниците се Македонци, 2 од наставниците се Срби и 2 наставници се од други националности. При изборот на наставници, не е констатирана родова и друга дискриминација. Од наставничкиот кадар до 10 години стаж во воспитно образовна институција се вкупно 19 наставници; од 11 до 20 години стаж се вкупно 27 наставници; од 21 до 30 години стаж се вкупно 17 наставници.

Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставниот кадар се земаат предвид соодветната квалификација, согласно Нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставен кадар, училиштето во соработка со основачот, има механизми за брза и соодветна замена.Еден наставник по предметот Информатика е без педагошка докфалификација(несоодветен).

Наставниот кадар е квалификуван и способен за реализација на воспитно - образовниот процес, со континуирано стручно усовршување во склоп на обуките на Министерство за образование и наука, како и со нивно индивидуално професионално образување. Работата на наставниот кадар соодветно е поддржана од страна на административно - техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж.

Училиштето има стручна служба составена од педагог и психолог. Тие редовно им помагаат на наставниците во организација на наставата и го следат напредокот на учениците. Стручната служба врши советодавна работа со учениците и родителите и е подготвена и отворена за соработка. Стручната служба има Програма за работа, која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето.

Стручната служба и наставниот кадар, активно се вклучени во реализација на сите проекти во кои е вклучено училиштето.

При распределба на кадарот предвид се земаат соодветноста во квалификацијата, квалитетите и искуствата на наставниците што придонесува за исполнување на цели на наставата. Сите вработени се соодветно распоредени.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби, се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот, најмалку два пати во годината. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.

Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниците. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари, организирани од страна на Министерство за образование и наука, Бирото за развој на образованието, како и на обуки кои се спроведуваат од страна на домашни и странски акредитирани организации. Од разговорите со наставниот кадар, констатирано е дека наставниците имаат потреба од посета на обуки за работа со деца со посебни образовни потреби. Во училиштето има пракса, после посетена обука или семинар да се организираат интерни обуки. Стручната служба континуирано ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари и истите се евидентирани во Портфолијата за професионален развој на наставниците.

Работата на наставникот - приправник ја следи ментор и стручната служба кои даваат соодветна и стручна помош, но во моментот во училиштето нема наставници – приправници.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување на дополнителни финансиски средства. Финансиското работење на училиштето, се контролира преку Училишниот одбор. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето на финансиските средства. Одговорните лица редовно дискутираат за информации, поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределбата на финансиските средства. Училиштето, материјалните трошоци, трошоците за комунални услуги и други финансиски трошоци ги врши, од финансиски средства добиени од основачот, преку претходно одобрен финансиски план.

За финансиското работење училиштето го информира основачот преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење.

## 7. Управување, раководење и креирање политика

### 7.1 Управување и раководење со училиштето

Со училиштето управува Училишнен одбор (УО) конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата структура. Сите членови се со важечки мандат. Работата на УО е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива. Постои деловник за работа на Училишниот одбор заведен под дел.бр.02-1029/2 од 22.08.2015 година и со истиот се запознаваат новите членови при нивното именување. Годишната програма за работа на училиштето ја содржи програмата за работа на УО со испланирани активности, временска рамка и реализатори. Нема случаи на одложување/неодржување на седниците на УО поради немање кворум за работа. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со раководниот орган на училиштето е многу добра, со остварен партнерски однос. Според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Запознаени се со целокупното работење на училиштето, програмските документи и извештаите од работата на училиштето. Според изјаснувањето на членовите, училиштето навремено обезбедува сеопфатни информации за работењето.

Раководен орган на училиштето е Директор во втор мандат, именуван со Решение Бр.08-11744/1 од 12.10.2022 година од Градоначалникот на Град Скопје, кој ги исполнува исполнува условите за директор согласно со закон.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Промените во образовниот систем успешно ги имплементира во училиштето. Фокусот на работењето на директорот е на: унапредување на квалитетот на наставата и зајакнување на компетенциите на наставниот кадар, обновување на техничките ресурси со кои располага училиштето, продолжување на активностите поврзани со реконструкција на кровот,продолжување на соработката со локалната заедница. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи и партнерства со училишта од други држави. Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет.

Стручните органи во училиштето работаат според изготвени програми кои се во содржани во годишната програма за работа на училиштето.

Работата на Советот на родители е планирана со програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

### 7.2. Креирање на училишната политика

Мисијата и визијата на училиштето се добро утврдени во програмските документи на училиштето. Тие се јасни и добро поставени во согласност со државната и локалната образовна политика. Во креирањето на мисијата и визијата во најголема мера учествуват вработените, свои предлози повремено даваат и родителите и учениците. Истите континуирано се запознаваат со нивното остварување и подобрување. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата.

Училиштето има договорени процедури за донесување на училишни политики. Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, младински активизам и ученичко учество, намалување на сите видови насилство, политика и протокол за ментално здравје, антикорупциска едукација на учениците, не дискриминација и други. Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките како и во активностите за нивно остварување.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за остварување на резултатите во поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и истиот го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Училиштето планира и реализира разновидни вонназставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците;
- Голем број освоени награди од учество на натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво и високи постигања на државната матура;
- Опременост на училиштето со ресурси за реализирање на наставните часови со примена на ИКТ;
- Реализирани голем број инфраструктурни зафати и зајакнување на инклузивните капацитети на училиштето

## 8.2 Слаби страни

- Мал број на реализирани активности во соработка со партнер училиштето во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција заеднички вонnаставни активности со ученици од друг наставен јазик
- Прокиснување на кровната конструкција при врнежливо време

## 8.3 Препораки

**Да се превземат активности за реализирање на заеднички вонnаставни активности со партнер училиштето за промовирање на мултикултурализмот**
**Училиштето да ги продолжи активностите за реконструкција на кровната конструкција**

| | |
|---|---|
| Соња Миладинова, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Јасмина Аврамовска, Инспектор | |
| Андреја Ѓорѓески, Инспектор | |